ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај, по одржаното Собрание на доверители во врска со извештајот на стечајниот управник - Извештајно собрание на ден 28.10.2024 година со продолжение на 14.11.2024 година, во присуство на стечајниот управник на должникот Весела Петрулева од Велес, како и за доверителот РСМ - Министерство за финансии - Управа за јавни приходи Регионална дирекција Прилеп, застапник по закон ДП на РСМ за подрачје Велес, Валерија Николова, на ден 14.11.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај го потврди именувањето на Весела Петрулева од Велес за СТЕЧАЕН УПРАВНИК на стечајниот должник .

2. СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај, одлучи во стечајната постапка да не се основа Одбор на доверители на стечајниот должник, а одлуките да се носат на Собрание на доверители.

3. СЕ КОНСТАТИРА дека Собранието на доверители на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај, го усвои извештајот за економско-финансиската состојба на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај со неговите дополнувања, изготвен од стечајниот управник Весела Петрулева од Велес и одлучи деловниот потфат на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај, да биде затворен и ликвидиран, па се овласти стечајниот управник да ја спроведе постапката за впаричување на стечајната маса – парични побарувања со поведување на судски постапки и постапки пред нотар, согласно законските прописи.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на овој суд СТ.бр.2/2024 од 04.04.2024 година отворена е стечајна постапка над должникот Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес-во стечај. Во текот на постапката закажано е рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) и рочиште на Собрание на доверители (извештајно собрание) на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката.

Во текот на постапката одржано е рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште), по кое се одржа и Собрание на доверители (извештајно собрание) на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите одлучуваа за понатамошниот тек на постапката.

На извештајното Собрание на доверители одржано на ден 28.10.2024 година и продолжение на извештајното Собрание на доверители одржано на 14.11.2024 година, присутен беше доверител со утврдено побарувања во износ од 78.2 % од утврдените побарувања со право на глас. На Извештајното Собрание, присутниот доверител со право на глас, гласаше „ЗА“ донесување на одлуките што претставува мнозинство од 100% од утврдените побарувања со право на глас претставени од присутните доверители, па Извештајното Собрание на доверители ги донесе одлуките како под т.1 – т.3 од изреката

на ова решение. При состојба кога сите одлуки на Собранието на доверители се донесени во согласност со законските одредби и се донесени со потребното мнозинство во смисла на чл.47 ст.2 од Законот за стечај, следуваше судот да одлучи како во изреката на решението, а согласно чл.11 ст.1 од Законот за стечај, в.в. чл.50 ст.1 и чл.97 ст.2 од Законот за стечај, како и чл.205 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр. СТ.бр.2/2024 од 14.11.2024 година

Стечаен судија

Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од објавување на решението на огласна табла на судот, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

ДН. -стечаен управник
-доверители преку огласна табла

**Објавено на огласна табла на Основен суд Велес на ден 18.11.2024 година**